Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и член 23 став 2 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# О Д Л У К А
## за дополнување на Одлуката за начинот и условите под кои резидентите коишто не се овластени банки, можат да отвораат и да имаат сметки во странство
## („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 247/21)

1. Во Одлуката за начинот и условите под кои резидентите коишто не се овластени банки, можат да отвораат и да имаат сметки во странство („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 50/19, 181/19, 167/20, 308/20, 88/21 и 177/21), во точка 2, по потточката 2.13, се додава нова потточка 2.14 којашто гласи:

„2.14 Физички лица со постојано место на живеење во Република Северна Македонија, за дозначување определен износ за целите на обезбедување документ за привремен престој во странство за потреби за образование.

Обврската од ставот 1 од оваа потточка се докажува со документ издаден од надлежна странска образовна институција, странски надлежен орган, дипломатско-конзуларно претставништво на странска земја во Република Северна Македонија со кој се потврдува дека за издавањето документ за регулиран престој во таа држава заради образование, резидентот претходно треба да отвори сметка во странска банка и да дозначи точно наведен износ на средства на сметката.

Сметката отворена врз оваа основа може да се отвори само во земјата од којашто е издаден документот од надлежната странска образовна институција, странскиот надлежен орган, дипломатско-конзуларното претставништво на странската земја во Република Северна Македонија и може да се користи за трансфер на средства во и од странство."

2. Во точката 3 став 1, по бројот: „2.10" сврзникот „и" се заменува со запирка, а по бројот: „2.12" се додаваат сврзникот: „и" и бројката : 2.14".

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О бр. 02-15/XVI-2/2021**
**1 ноември 2021 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**